**Ревидирање на начинот на распределба на буџетот наменет за граѓанските организации (ГО), формирање фонд за обезбедување на финансиското учество на ГО, развивање на стратегии и планови од страна на општината и организирање почести средби за дискусија со организациите**, се дел од препораките кои ГО ги упатија до **општина Македонска Каменица** во текот на дебатата што се одвиваше како дел од Мобилниот ресурсен центар кој се одржа на 22 октомври 2018 година.



**На средбата учествуваа 23 претставници** на граѓанските организации, Советот на општината, општината, училиштата, јавните претпријатија итн.

**Соња Стаменкова, градоначалничка на Македонска Каменица, истакна дека општината годишно доделува грантови на граѓански организации во износ од пет милиони денари**, но потребно е дополнително зајакнување на соработката кое ќе придонесе кон подобрување на животот на граѓаните.

**Една од главните точки на дискусија беше начинот на распределба на средствата за граѓанските организации соодветното трошење на средствата од општината, со оглед на тоа што предвидената методологија е застарена и не се почитува**. Претставниците на ГО потенцираа дека спортските клубови и активности се финансираат од истите средства со кои се финансираат организациите. Дополнително, **тие велат дека организациите не се отчетни,** се плаќаат само фактури и сметки, а нема видливи резултати.

Најголем дел од присутните досега немаат аплицирано за проект финансиран од друг донатор освен општината, главно поради **недоволна информираност и ниска подготвеност за пишување апликации**. Оние кои имаа поголемо искуство на ова поле, ги охрабрија останатите да работат на едукација на нивните целни групи и да соработуваат со другите организации со цел да го зајакнат своето портфолио, како и да ги подобрат своите капацитети.

